**ЗАПИСНИК**
**од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 18.05.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно (гласањето на г-дин Трајчев беше аудио забележано) го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.04.2021 година.
2. Нацрт-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма бр.01-5976/1 од 04.12.2014 година.
3. Предлог-годишен план за спречување на корупција (ГПСК) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година.
4. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД КОМЕТА од Гостивар.
5. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД ТВ ШУТЕЛ од Скопје.
6. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување на веб страниците на Агенцијата.

8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Продолжување на важноста на постојни и набавка на нови дигитални сертификати.
9. Приговор на Одлуката бр.04-1815/1 од 29.04.2021 година, со Одговор на приговорот.
10. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно (гласањето на г-дин Трајчев беше аудио забележано) го усвои Записникот од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.04.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Нацрт-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма бр.01-5976/1 од 04.12.2014 година. Објасни дека овој Правилник е донесен на крајот од 2014-та година и од тогаш наваму овој документ не е менуван. Но, бидејќи изминатиот период беа направени неколку измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои се поврзани со правилникот, нужно е да се направи негово изменување и дополнување. Правилникот се однесува на операционализација на член 92 од ЗААВМУ. Во член 92 од ЗААВМУ и неколку други одредби поврзани со овој член беа направени неколку измени и тоа: беа избришани обврските на радиодифузерите на државно ниво да произведуваат и емитуваат домашна документарна и играна програма, потоа беа направени промени во однос на емитувањето домашна музика. Претходно сите радиодифузери имаа ваква обврска, со измените обврските се избришани за сите радиодифузери. Во овој момент според постојниот Закон вакви обврски за емитување домашна музика имаат само радио сервисите на јавниот радиодифузен сервис. Дополнително во член 80 од ЗААВМУ беа додадени 3 нови ставови според кои комерцијалните радија може доброволно да се пријават за емитување домашна музика, за возврат на што им се намалува годишниот надоместок за дозволата за емитување. Имаше промени и во делот кој што се однесува во емитувањето на изворно создадена програма на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници што не се мнозинство во државата односно во однос на емитувањето македонски аудиовизуелни дела. Со измените оваа обврска која порано се однесуваше на сите радиодифузери сега се однесува само на телевизиите, и е намален задолжителниот процент колку што најмалку треба да емитуваат на дневно ниво. Имајќи го предвид член 43 и став 3 од Законот за изменување и дополнување на ЗААВМУ од 2018 година како и мислењето што го доби Агенцијата од МИОА по барањето за автентично толкување на оваа одредба според која не постои можност за усвојување на нов подзаконски акт од страна на актуелниот состав на Советот, секторот подготви Нацрт-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за обврските

за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма. Оттаму сите предложени измени и дополнувања во овој Нацрт-правилник се направени заради усогласување со ЗААВМУ. Единствена новина во однос на содржината на претходните одредби е додадената можност во македонски аудио визуелни дела да се вклучат и програмите, делата создадени во копродукција на домашни радиодифузери и независни продуценти со вакви субјекти од други држави. Позадината на ваквата новина е дефиницијата за тоа што претставува програма од сопствено производство каде што освен програмата каде што е создадена по иницијатива и организација на самиот радиодифузер влегуваат и нарачаната продукција и програмата создадена во копродукција. Условот кој што се поставува во Правилникот, кога ваквите дела создадени во копродукција со странски радиодифузери и независни продуценти ќе се сметаат за македонски аудио визуелни дела, е кога најмалку половина од лицата од креативниот тим кој што учествувал во создавањето на програмата ќе бидат државјани на РС Македонија. Креативниот тим се сценарист, режисер, монтажер, директор на фотографија, сниматеп, композитор, водители, автор на програмска содржина. Ова исто така е направено во корелација со одредбите со Законот кои што се однесуваат на емитувањето на европски аудиовизуелни дела каде што во Законот е предвидена покомплицирана процедура односно се предвидени повеќе услови. Освен каде е живеалиштето и чии државјани се работниците кои што учествувале во создавањето европските аудиовизуелни дела, тамо има дополнителни критериуми во однос на тоа кој ја контролирал продукцијата и од каде потекнуваат најголем дел од средствата. Меѓутоа рече дека сметале дека во оваа фаза нема потреба од дополнителни критериуми затоа што вака би било поедноставно за докажување доколку се јави спор со радиодифузерите во однос на потеклото на делата. Имајќи го предвид наведеното се предлага Советот да го усвои Нацрт-правилникот и да отвори јавна расправа во траење од 30 дена од денот на објавувањето на актот на веб страницата на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Трајчев беше аудио забележано) го усвои Нацрт-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма бр.01-5976/1 од 04.12.2014 година, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведениот нацрт-правилник да го објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk) и да го достави до радиодифузерите со цел да се обезбеди јавна расправа во траење од 30 дена од денот на објавување на актот.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлог-годишниот план за спречување на корупција (ГПСК) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година. Објасни дека Агенцијата согласно Заклучоците на Владата бр.40-2929/1 од 02.03.2021 година и Извадокот од Нацрт-записникот од 59-та седница на Владата на РСМ одржана на 30 март 2021 година го подготви Предлог-годишниот план за 2021 година. Текстот на документот е доставен во прилог на материјалите за седница во кој што се дефинирани одделни области на кои треба да се обрне внимание за ризиците од корупцијата како што се јавните набавки/планирање на буџет и спроведување на постапките,

постапување по пријави на укажувачи, планирање и управување со финансии, кадровска политика, професионално и етичко однесување на вработените и спроведување на надзор. Службата сметала дека овие области се најкритични во однос на пријавување на корупцијата. Во однос на изработката на овој Предлог-годишен план објасни дека се консултирани годишните планови на институциите кои веќе ги изработиле иако тие не можат да се применат целосно, а во изработката на овој план партиципирале сите раководители на сектори во Стручната служба на Агенцијата.

Г-дин Фиданоски рече дека ја дава неговата поддршка за усвојувањето на овој план, иако во Агенцијата како институција досега овие области условно речено се покривале на начин кој што е адекватен во спречувањето на корупцијата како длабока општествена аномалија од која што не се имуни многу општества поразвиени од нашето. Според него е добро што е изработен ваков план, и е во насока на тоа што е тенденција во јавноста. Она што сака да го сугерира, иако е во фаза на предлог бидејќи се прескокнува нацрт фазата, но сака да сугерира без разлика на денешното гласањето од страна на Советот за кое се надева дека ќе биде позитивно, би сакал доколку е можно овој план да се испрати до ДКСК за да се добие мислење и тоа подоцна да биде ставено како дел односно дополнување на овој план надвор, условно речено на неговите граници, но да биде заедно со мислењето од ДКСК, затоа што смета дека ќе биде од значење.

Г-дин Трајчевски рече дека не е сигурен дали ДКСК би се нафатила да го разгледува и да дава мислење бидејќи таа нема таква надлежност, но Планот секако дека ќе биде јавно објавен на веб страницата на Агенцијата и со тоа и ДКСК ќе има пристап до него и ќе се види дали воопшто ќе сакаат да дадат мислење за нешто за што не се надлежни.

Г-дин Петрушевски рече дека кога ги погледнал материјалите првпат кога биле испратени како материјал, забележал и заборавил да го каже а не го прашал ни директорот, дека вообичаено подзаконските акти ги носи Советот на Агенцијата, но овој пат Советот дава одобрување а директорот ги носи. Праша дали ова е поради тоа што планот е фокусиран на јавните набавки или не е ваква можност спомната во Законот. Не успеал директорот во меѓувреме да го праша и побара објаснување.

Г-дин Трајчевски одговори дека ова е новина и до сега не се носел ваков план во изминатите години, ниту во тогаш Советот за радиодифузија ниту сега во АВМУ. Ова е во насока на усогласување со Стратегијата за борба со корупција што ја донесе Собранието и не би можел да каже дека ова е подзаконски акт. Објасни дека можеше да се оди на варијанта планот да не оди на седница на Совет, но бидејќи во никој случај не се работи за таен документ, се стави како точка на седница и членовите на Советот ако имаат евентуално забелешки тие да бидат вметнати во овој план.

Г-дин Петрушевски рече бидејќи најголем дел од планот е фокусиран околу јавните набавки поради тоа што директорот и службата ги спроведуваат, а Советот само ги одобрува, претпоставил дека таа е логиката и затоа Советот дава одобрување. Но не му смета, бидејќи е првпат и треба да се донесе.

Г-дин Фиданоски рече дека според него ова дефинитивно не е подзаконски акт, ова е план, а планови се носат за разни други намени или потреби во описот на работата на некоја институција. Ова според него е ингеренција на директорот во соработка со Стручната служба да го сработи и предложи. Посочи дека овие области Агенцијата ги

покривала со транспарентното работење и начинот како се остваруваат тие јавни набавки, бидејќи се мисли на корупцијата, дека во тој дел најнеимуни се јавните институции. Добро е што Агенцијата е во согласност со државната Стратегија за борба со корупцијата. Не вели не на она што го спомнал директорот како надополнување на неговото прашање дека тие имаат или немаат надлежност на ДКСК. Мислата му е дека станува збор за тело кое што се смета дека е независно, кое што треба да ги испитува и отстранува појавите за можна корупција во нашето општество особено институционална корупција и не е лошо да се има нивното мислење кога и да се добие.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Трајчев беше аудио забележано) даде одобрение на директорот на Агенцијата да го донесе предложениот Годишен план за спречување на корупција (ГПСК) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведениот годишен план јавно да го објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk).

**Точки 4 и 5**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ги образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД КОМЕТА од Гостивар и Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД ТВ ШУТЕЛ од Скопје. Објасни дека двете барања, известувања за промена на сопственичка структура се уредни и комплетни. Кај РА Комета истапува постојната сопственичка, таа промена се одобри пред некоја седница со оставинска постапка кога сопругата на починатиот сопственик стана сопственик на радиото. Сега истата отстапува и како единствен сопственик влегува друго физичко лице. Се направи проверка во Централен регистар на РСМ и ова физичко лице се јавува само како овластено лице на Здружение на македонско-руско пријателство. Со ова нема законски пречки да се јави како основач на радиодифузер. Кај ТВ Шутел, лицето кое се планира да биде новиот сопственик на телевизијата, тоа физичко лице воопшто не се јавува ниту како основач ниту како овластено лице на некои трговски друштва. И во двете ситуации не постои никаква законска пречка да се одобрат планираните промени на сопственичка структура.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Трајчев беше аудио забележано) донесе одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на ТРД КОМЕТА 2000 Раде ДООЕЛ Гостивар, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени во сопственичката структура на ТРД КОМЕТА 2000 Раде ДООЕЛ Гостивар не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) и тие не се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Трајчев беше аудио забележано) донесе одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени во сопственичката структура на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ Шутел ДООЕЛ Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) и тие не се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски во врска со Предлог-решението за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга објасни дека ова е резултат кој произлегува од 3-та Јавна седница и согласно Законот Советот треба да донесе решение за бришење од регистарот на радиодифузери поради тоа што овој радиодифузер ја вратил дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Трајчев беше аудио забележано) донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување на веб страниците на Агенцијата.Објасни дека оваа набавка тековно се спроведува во Агенцијата. Договорот кој што ќе произлезе по спроведената постапка ќе се склучи за период од 2 години. Според проценетите средства што се предвидени за оваа јавна набавка, таа ќе се спроведе како постапка од мала вредност, критериум ќе биде цената, ќе се спроведе со објавување на оглас на електронскиот систем за јавни набавки. При тоа ќе се очекува да се добие економски оператор кој што ќе ги исполни сите услови од тендерската документација и кој ќе понуди најприфатлива понуда.

Г-дин Петрушевски рече дека забележал дека се работи за релативно мала вредност, проценетата вредност е 59 илјади денари без ДДВ по година.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Трајчев беше аудио забележано) даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Одржување на веб страниците на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Одржување на веб страниците на Агенцијата е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 8**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Продолжување на важноста на постојни и набавка на нови дигитални сертификати. Објасни дека оваа набавка е предвидена во Годишниот план за јавни набавки, средствата се предвидени со Финансискиот план за 2021 година односно ќе бидат предвидени во финансиските планови за наредните 2 години бидејќи договорот кој што ќе произлезе од оваа постапка за јавна набавка ќе биде со важност од 3 години. Според проценетата вредност ќе биде спроведена како набавка од мала вредност, критериум за доделување на договорот ќе биде цената а огласот ќе биде објавен на електронскиот систем на јавни набавки и ќе биде спроведена електронска аукција. Овие сертификати се неопходни за да може да се обезбеди непречено функционирање во Агенцијата бидејќи за одредени постапки е потребно одредени лица да поседуваат вакви дигитални сертификати.

Г-дин Петрушевски објасни дека за оваа услуга има регистрирано двајца понудувачи во РСМ и обично и двајцата се јавуваат и доколку оваа цена е голема сигурно на е-аукција ќе падне бидејќи не се договорени и се оди до минимум и оваа вредност што е предвидена може да падне уште повеќе.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Трајчев беше аудио забележано) даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Продолжување на важноста на постојни и набавка на нови дигитални сертификати.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Продолжување на важноста на постојни и набавка на нови дигитални сертификати за период од 3 (три) години е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година и со Финансискиот план на Агенцијата за 2023-та година.

**Точка 9**

Г-дин Петрушевски во врска со Приговорот на Одлуката бр.04-1815/1 од 29.04.2021 година, со Одговор на приговорот, рече дека во приговорот се предлага да се укине оваа Одлука.

Г-дин Трајчевски објасни, за да не биде ставен во привилегирана положба во однос на подносителот на приговорот, нема да се јави за збор, а сите ставови се изразени во одговорот на поднесениот приговор од вработената. Посочи дека членовите на Советот ги имаат материјалите и врз основа на материјалите се предлага Советот да донесе соодветна одлука.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе ја повтори дискусијата од претходниот пат. Се работи за приговор во однос на распоредување на вработените. Во ЗААВМУ само во член 20, во еден од ставовите е дефинирано дека директорот на Агенцијата одлучува за вработување и распоредување на вработените во Стручната служба на Агенцијата. Зборот „распоредување“ што овде е случај е единствено дефиниран како надлежност на директорот, додека Советот дава конкретно одобрување кога се работи за крајните мерки кога некој треба да се вработи, број на луѓе или ако треба некој да се отпушти. Точката е ставена на дневен ред поради транспарентност и поради тоа што приговорот е даден до Советот. Наведе дека тој не би се мешал во надлежностите на директорот и во однос на приговорот да се поништи одлуката тој лично ќе биде воздржан.

Г-дин Фиданоски во контекст на споменатото од г-дин Петрушевски околу транспарентноста во нивното работење, праша зошто не е присутна заинтересираната страна бидејќи има писмено барање од неа да присуствува на седницата и рече дека според него би било добро да биде присутна.

Г-дин Петрушевски објасни дека тој како претседател на Советот не може да даде таква можност бидејќи според Законот, покрај членовите на Советот, директорот е единствен што има право на збор на седница и вообичаено директорот ги повикува вработените кога е потребно или не. Исто така, веќе објасни дека барањето за распоредување не е во надлежност на Советот и веројатно тоа биле причините да не биде повикана вработената. Ако г-дин Фиданоски смета поинаку и ако има четворица членови што мислат така може да се прекине седницата и да се повика вработената.

Г-дин Трајчевски објасни дека седницата на Советот е јавна и таа е закажана уште минатиот петок. Во самата изработка на материјалите за седница во кои е вклучена и оваа точка, учествувал и секторот во кој е вработен подносителот на приговорот. Објасни дека линкот којшто служи за пристап на седницата е истиот уште од минатата година од кога се одржуваат седници преку видео конференциска врска. Посочи дека за присуство на седница на кој било од вработените не му е оневозможен пристап.

Г-дин Петрушевски објасни дека Советот немаше никого да го одбие доколку некој од вработените од Агенцијата се приклучил на линкот, но вработената не беше приклучена. Посочи дека посебни покани до вработените за присуство на седница тој самиот не дава и никогаш не го ни правел тоа.

Г-дин Фиданоски рече дека е во ред, објаснувањето од г-дин Трајчевски сега го прифаќа, ако е слободно да се приклучи тогаш апсолутно нема проблем. Тој барем така ги разбира работите, ако дискутираат за нешто што е на дневен ред, а има

заинтересирана страна не е лошо таа да биде присутна за да ја слуша дискусијата. И од тие причини прашал зошто не е присутна на седницата. Но ако е слободен пристапот рече дека вработената може да се приклучи доколку на некој начин ја слуша седницата.

Г-дин Петрушевски потсети дека во минатото имале вакви случаи, конкретно за еден вработен од Секторот за програмски работи кога таа мерка беше поригорозна, се работеше за казна, а потоа вработениот сам си дал отказ. На ниедна од седниците, тој вработен не беше присутен, само праќал дописи. Објасни дека на седницата досега немало случај на присуство кога лично се работело за вработените, но ако Советот одлучи поинаку тоа е тоа.

Г-дин Фиданоски рече дека поради јавно побараното присуство на седница со документ кој беше испратен заедно со материјалите го поставил тоа прашање, не од други причини.

Г-дин Ајдини рече дека сака да земе збор иако се двоумел дали да се јави по однос на оваа точка или не. Но се јавил за дискусија за да бидат транспарентни до крај и да не излезе дека не се заинтересирани или не се запознаени со овој случај. Сите знаат кои се надлежностите на директорот и надлежностите на членовите на Советот. Членовите на Советот не се редовно вработени и во интерес на Агенцијата и во интерес на делокругот на работата би било во ред релациите помеѓу директорот и вработените да се на највисоко ниво. Меѓутоа сепак според ЗААВМУ директорот има јасни ингеренции како да ја води работата на Агенцијата и законски да работи. Советот на некој начин има контакти и релации со вработените, меѓутоа не на тоа ниво како што ги има директорот. Во однос на ова прашање, и за систематизацијата и распоредувањето на вработените тој и минатата седница кога по однос на ова прашање имаше дебата не се јавил за дискусија и во гласањето бил воздржан. Се изјасни дека и сега по оваа точка неговиот став ќе биде воздржан.

Г-дин Трајчев, во однос на правото за присуство, рече дека вработената има право да присуствува затоа што се работи за лично одлучување, но линкот е пратен, не се приклучила и Советот може да продолжи со работа. Во однос на одлуката рече дека ќе гласа „за“ само од една причина. Директорот има право да прераспределува, да ја организира работата, тоа е неспорно. Но, во делот на образложението каде што се вели дека не покажува задоволително ниво на совесност и професионалност во извршување на работите и работните задачи, смета дека е несоодветно за овој тип на одлука за прераспределување.

Г-дин Петрушевски рече дека во текот на дискусијата тој, г-дин Ајдини и г-дин Трајчев конкретно се изјасниле како ќе гласаат. Секој има право да се изјасни, но и не мора, кога ќе дојде моментот да гласаат, секој ќе гласа како што смета, односно има три можности - да гласа да се усвои приговорот на вработената, да биде воздржан како што тој се изјаснил или да биде експлицитно против, тоа е право на секој и нема тука мешање во мислењата на другите колеги. Бидејќи никој не се јави за понатамошна дискусија г-дин Петрушевски рече дека прашањето внимателно ќе го постави, прашањето произлегува од самиот приговор. Во доставениот приговор се предлага да се поништи одлуката за прераспределување. Во таа насока праша кој од членовите на Советот е да се усвои приговорот на вработената?

Советот на Агенцијата со еден глас „за“ од г-дин Трајчев и 5 воздржани гласа не го усвои Приговорот бр.04-1815/3 од 11.05.2021 година на Одлуката бр.04-1815/1 од 29.04.2021 година.

**Точка 10**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-1952/10
21-05 **2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**